ПРАКСИС
Број на Службен весник:114/2012
Датум на објава на Службен весник:14.09.2012
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 16 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.95/2012), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката и поблиските услови за издавање на согласност за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште.

## Член 2

Во рок од седум дена по приемот на барањето за издавање на согласност за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште и на записникот од увидот на самото место извршен од страна на комисијата формирана од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, службени лица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство вршат увид на самото место и со записник констатираат дали се исполнети условите од член 3 од овој правилник за издавање на согласност.

Врз основа на барањето за издавање на согласност за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште и записникот од став 1 на овој член за исполнување на условите од член 3 од овој правилник, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рокот утврден во член 16 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр.95/2012), донесува решение за издавање на согласност за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште или решение за одбивање на барањето за издавање на согласност за потврдување на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи бесправно изградени на земјоделско земјиште.

## Член 3

Согласност за потврдување на бесправно изграден помошен објект на земјоделско земјиште, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи се издава доколку се исполнети следните услови:

- бесправно изградениот објект на земјоделско земјиште да претставува помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи;
- имателот на бесправно изградениот помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи да има во сопственост или склучено договор за закуп на најмалку 0.2 ха земјоделско земјиште;
- имателот на објектот да нема повеќе од 10 бесправно изградени објекти на земјоделско земјиште во истата катастарска општина за кои има поднесено барање за потврдување;
- до местото каде што е изграден бесправниот објект да има обезбедено непречен пристап со пат (асфалтиран или неасфалтиран) во широчина од најмалку 2 метри;

- во бесправно изградениот објект да има простор за поставување на комунална инфраструктура и
- во бесправно изградениот објект да има поставено електрична инсталација за најмалку едно сијалично место.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 22-8369/5
11 септември 2012 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.